МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 52**

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 29 февруари 2020 г.

17

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 14

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 1
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 13

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 0

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 0

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 3

**кај 14 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**3 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| Мф | 1 | 1 | 100% |
| МП | 7 | 2 | 28.57% |
| МТВ | 2 | 0 | 0% |
| МЕ | 1 | 0 | 0% |
| МК | 6 | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 17 | 3 | 17.65% |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на февруари биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 29 февруари 2020 г., до Собранието беа поднесени вкупно **33** предлог-закони од кои за **17** предлог-закони постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 17 предлог-закони, 14 беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите предлог-закони, но статусот на ЕНЕР е сменет во "Затворен" само кај еден предлог-закон. Останатите 16 предлог-закони немаат обврска да бидат ставен на ЕНЕР бидејќи 13 се предложени од групи на пратеници а три се ратификации.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за изменување на Законот за домување, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности, предложени од **Министерство за транспорт и врски,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција, по скратена постапка, предложен од **Министерство за економија,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеки, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за музеите, по скратена постапка, предложени од **Министерство за култура,** Предлог-закон за јавното обвинителство, по скратена постапка, (доставен до Собрание на 9 февруари, повлечен и повторно доставен до Собрание на 10 февруари), Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка, (доставен до Собрание на 9 февруари, повлечен и повторно доставен до Собрание на 10 февруари), Предлог-закон за заштита на личните податоци, по скратена постапка, предложени од **Министерство за правда.**

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија" (само известување), Предлог-закон за меѓународна соработка во кривичната материја предложени од **Министерство за правда,** Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, по скратена постапка, предложен од **Министерство за финансии.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за заштита од личните податоци**

## Предлог- Закон за заштита на личните податоци

Овој Закон ја уредува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, финансирањето на Агенцијата, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштита на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

Со овој закон се извршува усогласување со европската регулатива во областа на заштитата на личните податоци, при што се врши и транспонирање на Општата регулатива за заштита на личните податоци на Европскиот парламент и Советот на Европската унија 2016/697.

Законот ги разработува начелата поврзани со обработката на личните податоци, и тоа: законитост, правичност и транспарентност, ограничување на целите, минимален обем на податоци, точност, ограничување на рокот на чување, интегритет и доверливост и отчетност. Понатаму, регулирана е и материјата која што се однесува на условите за добивање на согласност на субјектот на личните податоци (член 11), како и условите за обработка на посебни категории на лични податоци (член 13), обработката на лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела (член 14) и обработката за која што не се бара понатамошна идентификација на субјектот на личните податоци (член 15). Исто така, Законот за прв пат ги уредува и посебните услови кои што се применуваат за согласноста на дете при користење на услугите на информатичко општество, односно во случај кога субјектот на лични податоци има дадено согласност за обработка на неговите лични податоци за една или повеќе конкретни цели, во врска со директното нудење на услуги на информатичкото општество на деца, обработката на личните податоци на дете е законска, ако детето има најмалку 14 години. Ако детето е на возраст под 14 години, таквата обработка е законска само ако и доколку таквата согласност е дадена или дозволена од законскиот застапник на детето и во овој случај контролорот е должен да вложи разумен напор за верификација дека согласноста е дадена од законскиот застапник на детето.

Законот подетално ги уредува правата на субјектите на личните податоци и тоа: транспарентноста и модалитетите за остварување на правата, информациите и пристапот до личните податоци, правото на исправка и бришење на личните податоци, правото на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки вклучувајќи и профилирање, како и ограничувањата за остварување на овие права. Притоа, се зајакнуваат правата на физичките лица, односно се воведуваат нови права, како што се правото да бидеш заборавен и правото на преносливост на податоците.

Со Законот се утврдени и обврските и одговорностите на контролорите и обработувачите, а особено обезбедувањето на безбедност на личните податоци, воведувањето на проценката на влијанието на заштитата на личните податоци, определувањето на офицер за заштита на личните податоци, како и процесите за сертификација и донесување на кодекси на однесување. Најголеми промени кои ќе имаат импликации во работењето на контролорите се однесуваат на доследното применување на алатките за отчетност како што се техничката и интегрираната заштита на личните податоци при дизајнирање на информациските системи и проценката на влијанието на заштитата на личните податоци, а со цел контролорите да го сведат својот процес на обработка на минимален обем на лични податоци.

Во главата V се регулираат условите за пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација, како и преносот на лични податоци кој се врши врз основа на соодветни заштитни мерки или задолжителни корпоративни правила. Во тој контекст, се предвидени и мерките кои ги презема Агенцијата за заштита на личните податоци при меѓународната соработка за заштита на личните податоци во однос на трети земји и меѓународни организации.

**Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.**

**Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.**

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за заштита на личните податоци**

Со овој закон се преименува Дирекцијата за заштита на личните податоци во Агенција за заштита на личните податоци и се утврдува независниот статус на Агенцијата како надзорно тело, нејзините надлежности, задачи и овластувања, односите со органите на државната власт (посебно давање на мислења на предлози на закони и други прописи кои уредуваат прашања од областа на заштитата на личните податоци, иницирање на оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи), меѓународната соработка и меѓународната правна помош со другите надзорни органи за заштита на личните податоци, како и финансирање на Агенцијата.

Понатаму, во главата VII се уредени посебните операции на обработка на личните податоци. Притоа, посебно се уредува обработката на личните податоци преку системите за вршење на видео надзор, како од страна на контролорите правни лица, така и од страна на контролорите физички лица. Имено, анализите од спроведените надзори покажуваат дека во Република Северна Македонија постои тенденција на употреба на системи за вршење видео надзор и тоа како на места каде реално постои потреба врз основа на претходно направени анализи од страна на контролорите, така и на места и од страна на контролори за кои не постои никаква реална потреба. Со ваквата појава на ставање камери на секаде и од секого, се зголемува ризикот од злоупотреба на направените снимки со кои се врши обработка на личните податоци од страна на оние кои го поставиле и вршат обработка на личните податоци преку системите за видео надзор. Од овие причини со предложените норми ќе се овозможи уредување на правилата на постапување од страна на сите, а при вршење на обработка на личните податоци преку системите за вршење на видео надзор. Воедно, на постојните контролори кои веќе вршат обработка на личните податоци преку систем за вршење на видео надзор им се остава преоден период од 18 месеци да го усогласат своето работење со новите правила утврдени во овој закон.

Законот пропишува правни средства кои му стојат на располагање на субјектот на личните податоци за заштита на своите права, како и можноста за добивање на надомест од контролорот или обработувачот за претрпената штета. Секој субјект на лични податоци има право да поднесе барање до Агенцијата, доколку смета дека обработката на неговите лични податоци, ги прекршува одредбите од овој закон, притоа не доведувајќи ги во прашање кои било други управни или судски средства за правна заштита. Агенцијата е должна да спроведе супервизија за поднесеното барање, како и да го информира подносителот на барањето за текот и исходот од постапката. Член 100 се однесува на **Застапување на субјектите на личните податоци** и според него субјектот на лични податоци има право да овласти здружение, да поднесе барање во негово име во однос на заштитата на неговите лични податоци и да ги остварува правата пропишани со овој Закон. Дополнително, овој Член од Законот пропишува дека во статутот на ова здружение, основано согласно закон, задолжително треба да бидат наведени целите кои се од јавен интерес, неговиот непрофитен карактер, како и истото треба активно да дејствува во областа на заштита на личните податоци и во заштитата на правата и слободите на субјектите на личните податоци.

Законот ја регулира супервизијата над заштитата на личните податоци и тоа опфатот и овластувањето за спроведување супервизијата, издавањето на службена легитимација, видовите на супервизија, правата на супервизорот, обврските на контролорот и обработувачот при супервизијата, записникот и мерките во случај на повреда на прописите, записникот за контролна супервизија и поведувањето на прекршочна постапка.

Во однос на прекршочните норми, Законот предвидува изрекување на глоба во износ од 2% до 4% од вкупниот годишен приход на контролорот или обработувачот за сторен прекршок, а според правилата утврдени во Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци (Општа регулатива за заштита на личните податоци) која се транспонира со овој Предлог на Закон. Притоа, Агенцијата има статус на прекршочен орган, односно прекршочната постапка ја води Комисија за одлучување по прекршок согласно одредбите од овој закон и одредбите од Законот за прекршоците.

**Законот е донесен по скратена постапка на 16 февруари, а стапи на сила на 24 февруари 2020.**